ПАРТИЈА ЗА ЕКОНОМСКИ ПРОМЕНИ

21

ПЕП 21

*Почитувани,*



*Партија за економски промени 21 (ПЕП 21) е самостојна, доброволна, граѓанска и демократска партија отворена за сите кои сакаат да пристапат во неа или сакаат да дадат свој придонес преку свои ставови, предлози, проекти, програми и идеи, кои ќе бидат реализирани низ тековните партиски активности и ќе станат дел од партиската програма.*

*ПЕП 21 се залага за економски напредок, сигурност и благосостојба на сите граѓани во Република Македонија.*

*Таа ќе делува конструктивно, одговорно, благовремено завземајќи политички ставови ,за сите значајни прашања кои се во интерес на Република Македонија и нејзините граѓани.*

*Јас верувам во себе, верувам во заложбите на ПЕП 21, искрено верувам во вас и вашата поддршка. Заедно ќе внесеме свежина од топли бои во ова сивило кое го создадоа насекаде околу нас.*

*Јас не се плашам од промени, бидејќи стравот е пречка за успехот. Јас одлучив да успеам, а верувам дека и вие сакате да успеете.*

*Вербата дека вие почитувани мои граѓани, а не одредени поединци, сте најголемите патриоти и жртви за Република Македонија, ми даде сила да се исправам пред предизвиците на денешната политичка сцена и гласно да кажам дека секој на свој начин ја сака и се жртвува за Република Македонија.*

*Па, нели... патриот е секоја мајка која тука во Македонија го раѓа и го расте своето дете?! Зарем не е патриот секој маж кој во Македонија се обидува да обезбеди егзистенција за своето семејство?! Зарем не е патриот секој земјоделец кој ја ора и сади македонската нива?! Зарем не е патриот секој работник кој дел од себе остава преку својата работа во фирмите во Македонија?! Зарем не е патриот секој млад човек кој се надева на вработување токму тука во Македонија?!*

Сметам, дека доволно се изнаслушавме клевети, навреди и понижувања од оние кои треба да бидат пример за добро однесување.
Вие драги мои можете да помогнете ова непримерно однесување да престане.
Само вашата одлука и убедување верувам дека ќе направи вистински промени, позитивни промени, во нашата сакана и напатена земја, Република Македонија.
За таа цел, потребни се верба, желба, искрена мисла, идеи, планови, стратегија и домаќинско однесување, бидејќи само така Македонија може да ја надмине економската и социјална криза и да ги подобри меѓучовечките односи.
Бог ја благословил Република Македонија и ја дарувал со природни убавини и мудар,трпелив и скромен народ, но крајно време е да се создаде систем кој ќе се грижи за сите граѓани, за секое семејство и за сечиј живот. Систем во кој ќе се вреднува трудот, ќе се воспостави довербата, ќе се почитува индивидуалноста. Систем кој ќе му обезбеди на секој поединец достоинствен живот. Систем и држава во кој вработувањето на луѓето нема да биде неостварен сон,туку реален животен исчекор. Систем во кој нема да се плашиме за иднината на нашите поколенија, бидејќи секој ќе има подеднакви можности да се вработи, да купи автомобил, да изгради дом, да создаде живот, да направи многу добри дела за себе, за најблиските, за Република Македонија.
Сметките за струја, вода и телефон, ратите за кредит, не смееме да дозволиме да бидат нашиот лош сон кој ни ја стега душата, туку најобична мала обврска која ќе значи дека заработуваме, дека придонесуваме, дека сме успеале во животот .
Верувам, дека заедно почитувани граѓани, можеме да креираме држава со вистинска демократија, подобра економија и посреќна иднина за секоја генерација.

Со искрена почит,
Билјана Јовановска, Претседател



НИЕ ВЕРУВАМЕ

**„Партија за економски промени 21" (ПЕП 21)**
**ќе се стреми и залага за остварување на следното:**

НИЕ ВЕРУВАМЕ

- Фер и пазарно ориентирана модерна економија која тежнее кон целосно искоренување на невработеноста во Република Македонија;
- Создавање услови за развој на реалниот сектор, со цел да се отворат нови работни места кои ќе се пополнат со одговорни лица стручни во областа на своето работење и со млади способни и амбициозни кадри;
- Стимулации и подобрување на условите за стопанисување и на домашните фирми;
- Зголемување на домашното производство и постигнување на долгорочно одржлива стапка на економски раст од 6 до 8%;
- Обезбедување на достоинствени работни места и европски плати со цел за подобрување на материјалната и социјалната положба и сигурност на граѓаните;
- Инвестиции во стопанството, инфраструктурата, здравството, образованието и човечките ресурси;
- Јавно, транспарентно и продуктивно вложување на средствата од буџетот на државата;
- Минималната плата да не биде помала од висината на потрошувачката кошничка пресметана од Заводот за статистика на Република Македонија;
- Планирање на буџети кои се темелат на реални показатели;
- Даноци кои ќе зависат од висината на приходите и економската состојба на граѓаните;
- Секое семејство ќе биде финансиски поддржано со детски додаток за секое дете, односно детето ќе зема стипендија чија висина (износ) ќе зависи од возраста и потребите на детето и примањата на родителите;
- Поволности и финансиска поддршка од државата при вработување засновање на работен однос во реалниот сектор, за секоја жена во дејностите каде е застапена под 30 %;
- Стапка на невработеност под 15% во период од 4 години;
- Проекти и мерки за долгорочно вработување на невработените лица и реално зголемување на можностите за вработување;

- Паричен надомест по основ на невработеност за сите лица кои поради структурни промени (ликвидација, стечај и сл.) останале без работа во периодот на транзицијата;
- Финансиска поддршка и поволности за невработените лица, како: бесплатен слободен превоз со автобусите на ЈСП, бесплатни систематски прегледи и друго;
- Социјална заштита и помош на социјално загрозените граѓани без повредување на нивното достоинство;
- Социјална парична помош за сите социјално загрозени односно невработени лица поединечно;
- Право на основна минимална пензија за сите лица кои не се опфатени со Законот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Македонија, а се со наврршени 62 години жени и 64 години мажи;
- Активности за поголема грижа за старите лица во смисла на изградба на значително поголем број државни пензионерски домови;
- Периодот на породилно боледување да изнесува 18 месеци, а двата родители да имаат право да го користат и можност да го комбинираат временскиот период на породилното боледување по сопствен избор;
- Мајката или таткото да имаат право на скратено работно време до двегодишна возраст на детето;
- Поддршка за самохраните родители и децата кои живеат во семејство со самохран родител;
- Целосна грижа за децата без родители;
- Целосна и превентивна заштита и материјална и морална поддршка на лицата жртви на семејно насилство ;
- Државата да обезбеди максимална грижа, редовна материјална и морална поддршка, како и секојдневни активности за лицата со посебни потреби и хендикеп;
- Родителите ( старателите ) на лицата со посебни потреби и хендикеп, да имаат приоритет при користење на услугите од државните институции, а при тоа да бидат ослободени од секакви такси и давачки кои што се однесуваат на лицата со посебни потреби и хендикеп;

НИЕ ВЕРУВАМЕ

НИЕ ВЕРУВАМЕ

- Развој на севкупната инфраструктура во Република Македонија и пред се подобрување на инфраструктурата и условите за живот на село;
- Обезбеден пазар, извоз, откуп и преработка на земјоделските култури и производи;
- Правилна и оптимална распределба на земјоделските површини во државна сопственост, како и на запуштените површини кои изнесуваат преку 200 000 хектари, а истото да биде дадено на располагање и користење на вистинските земјоделци на кои земјоделието им е основна дејност. Семејните земјоделски стопанства би располагале со доволно површини , оптиминизирани на научна основа. Со тоа ќе се создадат нови оптимални семејни стопанства , чиј број за неколку години би изнесувал 50 000 и ќе ангажира над 150 000 активно невработено население, со тенденција на зголемување на бројката;
- Хоризонтална меѓусебна интеграција на семејните стопанства и нивна вертикална интеграција со преработувачката индустрија, со што ќе се формираат повеќе кооперативни компании според видот на производството. Преработувачката индустрија и маркетингот ќе бидат сервис на примарното производство, интегрирано во кооперативни компании на примарните производители;
- Изградба на објекти за примарно земјоделско производство и набавка на технолошка опрема со средства од ИПАРД-програмата, каде државата во почетокот ќе постигне договор со деловните банки за прифаќање на одобрените грантови како колатерали за добивање кредити;
- Органско производство во ридско планинските подрачја како еден од моделите за подобрување на животниот стандард и ќе придонесе за охрабрување на младите генерации да ја изградат својата иднина во еколошки чисти и здрави средини;
- Зголемување на конкурентноста преку воведување на современи технолошки постапки, набавка на современа механизација за примарна обработка на земјиштето по бенифицирани услови и посебни услови при аплицирање за грантови од ИПАРД-програмата;
- Во областа на водостопанството, ќе се активираат постојните системи за наводнување, кои засега покриваат 120.000 хектари, а се користат само 20 % и ќе се отвори нов водостопански објект по

течението на реката Вардар кој ќе го зголеми капацитетот на акумулирана вода и на системите за наводнување, со што ќе се овозможи искористување на необработените, речиси пустински површини на Вардарска долина и горниот дел на ридчестата Овче полска долина;

- Организирање на континуирана обука за практично запознавање со технолошките унапредувања во сите области на земјоделското производство, преработка и маркетинг;
- Пренамена на земјоделското земјиште во градежно или индустриско исклучиво со економско оправдани цели;
- Доизградување на патната инфраструктура;
- Довршување на изградбата на автопатот Е 75 од коридорот 10 (Демир Капија – Смоквица);
- Изградба на автопат Романовце – Крива Паланка од коридорот 8;
- Реконструкција и модернизација на магистралните и регионалните патни правци во Република Македонија (Штип-Радовиш-Струмица;Кичево-Струга-Охрид);
- Воведување електронска наплата на патарините на сите наплатни рампи во државата;
- Изградба на нова пруга Бељаковце - Крива Паланка - Деве Баир и поврзување на Република Македонија со Република Бугарија како и доизградба и реконструкција на пругата Куманово - Бељаковце од Коридорот 8.
- Електроенергетскиот сектор е еден од столбовите на македонската економија и затоа ќе вршиме постојано зголемување на инвестициите за модернизација на постојните и изградба на нови енергетски објекти;
- ДДВ-то за потрошена електрична енергија ќе го намалиме од 18% на 5%.
- Да се укине плаќањето на основниот придонес за пресметковна моќност од 33,33 % од превземената активна електрична енергија.
- Сигурно, континуирано и квалитетно снабдување со електрична енергија на сите потрошувачи во нашата земја по економски прифатлива цена за сите;
- Воведување на евтина дневна тарифа и цената на електричната енергија да биде исклучиво одредувана од реално независна Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија без влијание од надвор;

НИЕ ВЕРУВАМЕ

- Со едукација и со уште поголемо субвенционирање за потребниот систем на сончеви колектори ќе овозможиме користење на сончевата енергија од страна на сите семејства;
- Стимулирање и зголемување на производството на електрична енергија од поевтини извори на енергија (мали хидроелектрани, ветерни електрани, сончеви електрани, електрани на биогас);
- Гасификација со изградба на Националниот гасоводен систем и вклучување на Република Македонија во меѓународните гасоводни коридори;
- Решенија со чија реализација ќе престане одливот на млади граѓани надвор од границата на Република Македонија , а позитивните економски промени ќе резултираат со желба на веќе заминатите млади луѓе да се вратат во својата земја;
- Обезбедување на работа и дом за секој млад човек како основен услов за формирање на семејство;
- Максимална доверба и поддршка на младите од државата, државните органи и организации, односно општеството во секој сегмент на нивното живеење и делување;
- Редовно организирање на дебатни трибини, каде младите ќе можат да дебатираат, предлагаат , прашуваат,критикуваат, сугерираат;
- Реализирање на реалните и позитивни потреби и барања на младите;
- Стимулирање на младите за отпочнување на сопствен приватен бизнис и финансиска поддршка од државата за сите млади претприемачи во форма и начин утврден по спроведени анализи и анкети;
- Подигнување на свеста на младите за штетното влијание на дрогата, алкохолот и цигарите;
- Стекнување на младите со вештини и знаење преку практично работење кое ќе биде платено во висина од најмалку 50 % од просечната плата во Република Македонија;
- Квалитетно образование со континуирана едукација и обука на наставниот кадар;
- Отсуство на притисоци и санкции на наставниот кадар;
- Обезбедување нормални услови за работа на училиштата со посебен акцент на руралните средини;
- Интензивирање на воспитното делување на училиштата;

- Воведување на предмети за хумани односи меѓу половите;
- Рационализација на мрежата на високообразовни установи во државата заради постигнување на повисок стандард на квалитет;
- Овозможување поголема автономија на државните универзитети;
- Квалитетни и бесплатни здравствени услуги, без притисоци и санкции врз професионалната медицинска фела;
- Поддршка и заштита на јавното здравство преку материјален и кадровски потенцијал;
- Стимулации во неатрактивни медицински дисциплини во јавното здравство, со цел надминување на проблемот од недостиг на соодветен кадар;
- Зголемување на платите на здравствените работници со цел нивно задржување во јавното-државно здравство и давање на поквалитетни услуги;
- Подеднаква здравствена заштита на целата територија на Република Македонија;
- Независно судство ослободено од партиски и секаков вид влијанија и притисоци;
- Судскиот совет да биде избиран од судската фела;
- Судовите да креираат сопствено финасирање, независно од буџетот на Република Македонија;
- Овозможување на законска основа работата на Судскиот совет да биде јавна и транспарентна;
- Изборот и напредувањето на судиите да се врши на законска основа со јасни и прецизни критериуми врз основа на нивниот квалитет, знаење, професионалност и стручност;
- Технички и материјални услови за ефикасна,ефективна и квалитетна работа на судството со креирање на сопствено финансирање независно од буџетот на Република Македонија;
- Овозможување на услови за постојана едукација на судиите во областа на европските стандарди за заштита на човековите права;
- Превземање на дел од одговорноста за изнаоѓање на решение за интегрирање на Република Македонија во Евроатлантските институции;
- Главен приоритет за членство во НАТО како гаранција за сопствена безбедност и придонес за изградба на побезбеден свет и

НИЕ ВЕРУВАМЕ

овозможување солидна основа за заживување на економијата преку влез на што повеќе странски инвестиции;

- Македонија што поскоро како полноправен и рамноправен член на Европската Унија и дел од големото европско семејство;
- Развој на добрососедските односи на Република Македонија преку соработка во економијата, културата, образованието, спортот, медицината и други сегменти;
- Македонска дипломатија со високо професионални, стручни и непартиски кадри и широко распространета дипломатска мрежа;
- Граѓанинот како слободна и просперитетна единка, слободен и социјално сигурен поединец како најголема вредност во општеството;
- Залагање против секаков вид на дискриминација, репресија и институционална нееднаквост;
- Слобода на говор, делување и здружување;
- Секому да биде овозможено право на посебност, индивидуалност, различитост;
- Рационализирање на административните процедури;
- Слободна, но политички пасивна администрација, заштитена, модерна, обучена и прилагодена на сите европски стандарди, а истата ставена во функција на граѓаните на Република Македонија;
- Една изборна единица и коалицирање помеѓу политичките партии по завршување на изборите;
- Политичката партија која ќе добие мандат да ја формира Владата на Република Македонија во Програмата за работа на Владата да предвиди реализирање на дел од проектите и мерките од Изборната програма на сите партии кои добиле мандати во Собранието;
- Изнаоѓање на модел за реално независни и самостојни синдикати, комори, регулаторни комисии и тела;
- Продукција на домашни емисии, серии и филмови и нивно пласирање во други земји со цел да се промовира нашата република.

ПАРТИЈА ЗА ЕКОНОМСКИ ПРОМЕНИ 21

**Симболот** на ПЕП 21 содржи портокалова, црвена, бела, жолта, зелена и сина боја како и бројот 21, и го означува следново:

**Портокаловата боја** ја означува позитивната енергија, успех, симболизира сила и издржливост, креативнот, ентузијазам

**Црвената боја** ја симболизира енергијата,одлучноста, моќта, среќа, слава и самоувереност

**Жолтата боја** ја симболизира радоста, честа, оптимизам и младешки дух

**Зелената боја** ја симболизира плодноста, сигурноста спокојот, економскиот напредок, хармонија и стабилност

**Сината боја** симболизира доверба, лојалност, мудрост, интелигенција, вистина, одговорност, почит, достоинство, дисципина, сериозност,

**Белата боја** ја симболизира вистината, невиноста, совршенството

**Бројот 21** ја симболизира достигнатата мудрост, духовното совршенство, прагот на зрелоста, бунтовноста и младоста, симбол на напредокот и индивидуалноста, сестраноста и енергијата. Бројот 21 е составен од бројот 2 кој го симболизира двојството, рамнотежата меѓу државата и народот, симболизира соработка и потребна помош, партнерство и несебичност; бројот 1 пак симболизира почеток, почетна енергија единственост и неделивост, независнот, успех, мотивација и достигнувања. Збирот од 2 и 1 е бројот 3 кој симболизира совршеност која е составена од три точки т.е. триаголник од кој пак произлегуваат сите понатамошни геометриски фигури.

**Кругот** - симболизира безвременост, совршенство, бесконечност, симбол за разрешување на сите егзистенцијални проблеми, симболизира прстен како симбол на верноста , и движечко тркало на се во светот.

**Стилизирани стрелки** - симболи за економскиот напредок.

НИЕ ВЕРУВАМЕ

РАМНОТЕЖА

УСПЕХ

ОДЛУЧНОСТ

СОЖИВОТ

МОТИВАЦИЈА

МУДРОСТ

СОВРШЕНСТВО

ПАРТНЕРСТВО

МЛАДОСТ

ЕДИНСТВО

ПОЧИТ

СОРАБОТКА

НАПРЕДОК

ВЕРБА

ЧЕСНОСТ

ОДГОВОРНОСТ

ВИСТИНА

ЕНЕРГИЧНОСТ

ПЛОДНОСТ

НЕСЕБИЧНОСТ

РАБОТА

www.pep21.org.mk
e-mail:infocentar@pep21.org.mk
тел.(02) 6144 - 540; 070 311-744; 071 271-872
ул.„Христо Татарчев“ бр. 47 И/3-30